# ПОНУДА ЗА ОТКУП НА ОБИЧНИ АКЦИИ
# НА АДГ МАВРОВО Скопје

Согласно Законот за преземање на акционерски друштва, ИНГРА д.д. со адреса на ул. Александер вон Хумболдт, 4/б, Загреб, Р. Хрватска, објавува

## П О Н У Д А
## за откуп на обични акции издадени од АДГ МАВРОВО Скопје

Понудата се однесува на откуп на 154.210 обични акции издадени од **АДГ МАВРОВО Скопје,** по цена од 2.500,00 денари по акција. Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од акционерското друштво кое е предмет на понудата за откуп, а понудувачот се обврзува да ја купи секоја акција со право на глас, во согласност со пропишаните и објавените услови.

### Рок за прифаќање на понудата

Рокот за прифаќање на понудата за откуп изнесува 15 работни дена. Рокот за прифаќање на понудата за откуп почнува да тече од денот на првото објавување на извадокот од Проспектот и Понудата за откуп, односно од **05.04.2008 година** и завршува на **25.04.2008 година**.

### Успешност на понудата

Најмалата количина на хартиите од вредност со право на глас на кои се однесува понудата за откуп која треба да биде прифатена за да понудата за откуп се смета за успешна изнесува 33% од бројот на обични акции на кои се однесува понудата за откуп, што претставува **50.889** обични акции, кои заедно со претходно стекнатите акции од страна на понудувачот ќе изнесува 51% од вкупниот број на издадени обични акции. Рокот за прифаќање на понудата за откуп се продолжува за 14 дена, ако овој услов се исполни во последните 14 дена од рокот за прифаќање на понудата.

### Рок за плаќање

Понудувачот ќе го префрли износот потребен за исплата на акционерите кои ги дале нивните акции на Понудата за откуп на Понудувачот, согласно со условите на проспектот во рок од 3 дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност за успешност на понудата за откуп на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност. Депозитарот е должен во рок од 3 дена по депонирањето на средствата неопходни за исплата на акционерите кои валидно ги понудиле акциите на Понудувачот во согласност со Понудата за превземање да извршат пренос на износот на сметките на сопствениците кои ја прифатиле понудата за превземање.

### Рок за запишување

Запишувањето на обичните акции ќе отпочне од денот на првото објавување на извадокот од проспектот и понудата за откуп и ќе трае 15 работни дена.

ИНГРА д.д. Загреб